Врз основа на Решението 3 ВПП–357/16 донесено од страна на Основниот Суд Скопје 2 Скопје на 26.09.2016 година и потврдено од страна на Апелациониот суд со Решение ГЖ–1611/17 од 05.07.2017 година, а во врска со член 385 и член 386 од Законот за трговските друштва, лицето Игор Цифоров определено од страна на Основниот суд Скопје 2 Скопје за свикување на Собрание на акционери на Друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Скопје со ЕМБС 4061799 со адреса на ул. „Лондонска„ бр. 8, Скопје, ОБЈАВУВА

# ЈАВЕН ПОВИК

**За учество на Собранието на акционери на Друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Скопје**

Собранието на акционери на Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Скопје ќе се одржи на ден 18.10.2017 година со почеток во 17:30 часот во просториите на хотел Александар Палас во Конгресна сала 2 на бул. „8–ми Септември„ бр. 15, Скопје со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел:**
1) Отворање на Собранието;
2) Избирање на Претседавач со Собранието, бројачи на гласови и записничар;
3) Избор на верификациона комисија;
4) Извештај на верификационата комисија;

**Работен дел:**
1. Предлог – Одлука за избор на членови на Надзорен одбор;
2. Извештај за економско–финасиската ревизија на Друштвото за 2015 година;
3. Распоредување на добивката од работењето за деловната 2015 година;
   Предлог–Одлука за распоредување на нето добивка по Годишната сметка за 2015 година;
   Предлог –Одлука за утврдување на дивиденден календар;
4. Информација во врска со стекнување сопствени акции со откуп;
5. Именување на овластен ревизор за годишната сметка на Друштвото за 2016 година;
   Предлог–Одлука за именување на ревизор на годишната сметка на Топлификација АД Скопје за 2016 година;

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Пријавите да се доставаат до Лицето определено за свикување на Собранието – Игор Цифоров на следната адреса: ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр. 39 локал 2, Скопје.

Списокот на пријавени акционери ќе биде достапен на увид кај лицето Игор Цифоров на адреса ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр. 39 локал 2, Скопје.

Акционер може да овласти со полномошно лице како свој полномошник на седница на собранието на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име.

Акционерот треба веднаш писмено да го извести лицето определено за свикување на Собранието – Игор Цифоров за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести лицето Игор Цифоров на адреса ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр. 39 локал 2, Скопје, за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Образецот на полномошното е достапен во просториите определени од лицето определено за свикување на Собранието назначено од судот – Игор Цифоров на адреса ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр. 39 локал 2, Скопје.

Согласно Законот за трговски друштва образецот на полномошното треба да биде достапен за преземање и на интернет страницата на Топлификација АД Скопје – њњњ.топлификација.мк и на интернет страницата на Македонска берза – www.mse.com.mk.

Полномошно дадено на лице кое има конфликт на интерес согласно чл. 392–а) од Законот за трговски друштва ќе се смета за неважечко, освен по исклучок, ако лицето кое има конфликт на интерес претходно му обелоденило на акционерот од кој е овластен дека постои конфликт на интерес и ако лицето кое има конфликт на интерес добило конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерот од кој е овластен за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на Собранието на акционери.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставаат предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред до лицето определено за свикување на Собранието на акционери назначено од судот – Игор Цифоров на адреса ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр. 39 локал 2, Скопје.

Акционерите барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието и /или предлагањето на одлуки за усвојување можат да го доставаат во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието до лицето определено за свикување на Собранието назначено од судот – Игор Цифоров на адреса ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр. 39 локал 2, Скопје.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во просториите определени од лицето определено за свикување на Собранието на акционери Игор Цифоров на следната адреса ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр. 39 локал 2, Скопје.

Согласно законот за трговските друштва материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието треба да бидат објавени и на интернет страницата на Топлификација АД Скопје – www.toplifikacija.mk и на интернет страницата на Македонска берза – www.mse.com.mk.

**Лице определено за свикување на Собранието**
**Игор Цифоров**